# Годишен Извештај за извршени ревизии и активности на Внатрешната ревизија за 2023 година

**1. Податоци за единицата за внатрешна ревизија и внатрешните ревизори.**

Внатрешната ревизија е правно основана со Правилник за внатрешна ревизија со Одлука на Одборот на директори на Тетекс АД.

За исполнување на обврските назначен е Директор на единицата, како еден извршител.

Единицата за внатрешна ревизија организационо и функционално е дирекно и единствено одговорна на Одборот на Директори на друштвото.

Внатрешниот ревизор има целосно, слободно и неограничено право на пристап до:

а) целокупната документација,
б) податоците и информациите од сите носители на податоци,
в) раководителот на субјектот,
г) сите лица (раководители и вработени) и
д) материјалните средства.

**2. Извршување на годишниот план за внатрешна ревизија**

- За сите ревизии се доставени извештаи и информации, а соодветно се дадени препораки и направени процедури и упатства за работење .
- На Генералниот Директор му се доставува информации и извештаи веднаш по завршување на секоја спроведена ревизија.
- Генералниот Директор изготвува и одлучува за Акциониот план кој вклучува прифаќање на препораките и активностите кои треба да се превземат.
- Директорот на единицата за внатрешна ревизија ги следи спроведувањето на препораките од извршената ревизија и акционите планови.

**3. Преглед на извршени ревизии во текот на 2023г.**

**1. Ревизија на завршување на годишниот попис за 2023 година:**

- Пописот во 2023 година е направен во согласност со дадените упатства и дефинираните законски рамки што ја дефинираат оваа проблематика. Посебно внимание се придаде кон пописот на основни средства во затворените производни фабрики-Ф-ка трикотажа,конфекција,ткаенини,заради дефинирање на исправноста на машините и можна продажба или пак расходување.
- Формирани се комисии за проценка на машини кои немаат употребна вредност и подолго време се вон употреба. За таа цел изготвена е спецификација на основни средства кои подолго време се вон употреба,се искршени ,односно неможат да се користат поради изгубена употребна вредност и немаат сегашна вредност.
- Од тие причини препорака е Одборот на Директори на Тетекс АД да донесе Одлука за отпис и расходување на истите и истите да се продаваат како старо железо и инокс.
- Препораките за останатите пописи во магацините на готови производи суровини,помошни материјали и резервни делови се реализирани од аспект на средувањето на самиот магацин и утврдувањето на точната состојба.
- Со оглед на новонастанатата состојба од намален број на извршители во фирмата и извршувањето на пописите беше во посебни услови со намален број членови во пописните комисии,меѓутоа трудејќи се и покрај се да се испочитуваат процедурите за извршување на пописот.

2. **Ревизија на испратнините за технолошки вишок,бенифициран стаж и отпремнините за пензионирање**

-Во текот на 2023г .немаше ниту еден вработен на кој му е престанат работниот однос по основ на технолошки вишок .

-По основ на редовно пензионирање во 2023 год е заминат 1 работник ,а исплатено е за три лица по две просечни плати.

Имено за две лица е исплатено во 2023г,кои во пензија се заминати со 31.12.2022 г.
Или вкупно трошоци по основ на пензионирање за 2023 изнесуваат Ден.202.834.

-За поранешни вработени лица доплатено е придонес во ПИОМ за бенифициран стаж во износ од ден 444.964,00.

- Во тековната 2023 год вработени се две нови лица и две лица се превземени од Петролгас ДООЕЛ Тетово по ликвидација на фирмата,така што вкупниот број на вработени лица во Тетекс Ад изнесува 33 лица.

3. **Ревизија на дадени простори под закуп**

Оваа година, како главен приоритет во работењето на Тетекс АД,како и предходната година е издавање на деловни објекти под закуп,па од тие причини и потребата за следење и контрола на политиката и процедуирите при склучување на договорите за закуп.Кај сите договори што се направени се внимава на прецизно назначување за кој простор се работи,дефинирање на цена по м2,важност на договорот,начин на плаќање,евентуално гаранција 1-2 кирии доколку се процени дека е потребно и останати поединости поврзани со самиот договор.
Оваа година Петролгас ДООЕЛ Тетово спогодбено го прекина договорот за закуп заклучно со 30.06.2023 год. поради ликвидација на фирмата.

Склучени се и нови договори како следи;
-Склучен е нов договор бр.0308-416 /20.03.2023 со Васте Клеанер ДОО Тетово во износ од ЕУР 2.280 плус ДДВ,со обврсказа плаќање од 01.04.2023 год.

-Со 30.03.2023г.склучен е нов договор за закуп со фирмата Супертрејд ДООЕЛ Скопје во износ од ЕУР 4.500 плус ДДВ во денарска противредност,наместо дотогашниот договор на износ ЕУР 4.000 плус ДДВ,со важност почнувајќи од 01.04.2023г.

-Нов договор е склучен и со фирмата ЈАРА ДООЕЛ Тетово на износ ЕУР 675 плус ДДВ со обврска за плаќање од 15.05.2023 год.

Кај договорите што беа со рок до 31.12.2023г. се интервенираше истите навремено да се продолжат со нови Договори доколку двете страни се согласни .
Вкупните приходи од закупнини остварени за цела 2023г.изнесуваат Ден.22.276.649 или заедно со приходите од закупнини од царинскиот терминал –Ден 494.998 изнесуваа вкупно: Ден.22.771.647.
(прилог: преглед)

**-резиме**: Закупнините се инсистира и интервенира да се плаќаат редовно-месечно,што воглавно и се постигнува.Онаму каде што има каснење до сега воглавно се интервенира со механизмите на присилна наплата преку извршител или активирање на гаранција.Меѓутоа во 2023г. немаше ситуации за присилна наплата.Сите закупци во рокот на доспевање или со мали закаснувања ги подмируваа своите обврски.
Треба да се продолжи со активноста за нудење деловни простори под закуп со можност да во нареден период истите или други слободни простори ги купат.

**4. Ревизија за основни средства за продажба или расходување:**

а) На 27.01.2023год склучен е Договор за купопродажба на машини и транспортни колички од погонот апретура бр.0307-95 како основни средства со фирмата У.С.АЖУР ДООЕЛ Скопје на износ од 32.000 ЕУР плус ДДВ, со авансно плаќање од 20% на денот на потпишување на договорот и 80% пред подигнување на машините,предмет на договорот во денарска противредност, и наплатено е 1.974.240 плус ДДВ 355.363,00 или вкупно ден.2.329.603,00.

Машините и транспортните колички се продадени во постојната состојба во која се наоѓале по принцип видено-купено.

Продадени се и други основни средства во постојната состојба и остварен е приход од ден.**2.257.099.**

б) Оваа година ,со оглед на затворените производните фабрики за Ткаенини , Конфекција ,трикотажа се продолжи со активностите за утврдување на основни средства (машини и инвентар) кои можат да се продадат или оние кои немаат никаква употребна вредност да се оттуѓат како старо железо и да се добијат нови парични средства.

- Голем дел од постоечките основни средтсва немаат своја употребна вредност односно истите не можат да се користат во техничко-технолошки процеси немаат сегашна вредност,комисијата за расходување и продажба изготви спецификација на основни средства можат да се продаваат како старо железо.
- Донесени се Одлуки од Одборот на директори со кои се одобрува продажба на истите како старо железо.
- Најдени се фирми и комерцијалниот неопасен железен отпад се продаваше по понудена највисока пазарна цена.
- Во текот на 2023г.вкупните приходи од продажба на железен отпад,алуминиум,росфајт износуваа Ден.13.722.038.

  Поединечно по купувачи е како следи:

| | | |
|---|---|---|
| ЛИКИ ТРАНС - | Ден. | 51.600 |
| ТРИ МИЛ ЧЕДОМИР - | Ден. | 8.278.278 |
| РЕЦКОСС ТРАНС СК.- | Ден. | 5.392.160 |

По донесување на Одлуките од Одборот на директори,отпочнува и самата реализација на продажба на железен отпад,росфајт отпад,алуминиум.

Продажбата се реализираше откако ќе се уплати авансот согласно договореното или на самиот ден на превземање на стоката.

в) Во текот на 2023 г.направена е ревизија на основните средства кои треба да се расходуваат и продадат како старо железо .За таа цел формирани се комисии за проценка на основни средства кои немаат употребна вредност и немаат сегашна вредност,подолго време се вон употреба и нема можност да се продаваат како основни средства.

За продажбата беа донесени Одлуки од Одборот на директори на Тетекс АД:

-0202-126/17 од 21.01.2023
-0202-126/15 од 31.01.2023
-0202-126/11 од 31.01.2023
-0202-399/8 од 15.03.2023
-0202-603/2 од 26.03.2023
-0202-604/2 од 26.04.2023
-0202-947/11 од 31.05.2023
-0202-1076/8 од 05.07.2023
-0202-1076/9 од 05.07.2023

в) Во текот на 2023 год имаше продажба и на текстилен отпад на Цементарница УСЈЕ Скјопје од кои е остварен приход од ден.**624.384.**

**Резиме**:Продолжување на активностите за продажба на основни средсва (машини и инвентар),дефинирање на основни средства кои можат да се продадат,како и формирање на комисија која ќе утврди кои основни средства се веќе неупотребливи и ќе се продаваат како отпадни материјали или ако се во функција како основни средства.

5. **Ревизија и дополнителна ревизија на работењето на царинскиот терминал**

Од причина што работењето на Царинскиот терминал како економска единица на Тетекс АД е значаен сегмент во вкупните приходи што ги остварува фирмата,зборувајќи за тековната 2023, следењето и контролата на работењето на Царинскиот терминал продолжува да биде значајно и тоа со следниот опфат:

a. Спроведување на поставените процедури и упатства за работа
b. Евиденција на документацијата(правилност и законитост)
c. Анализа на прометот за влез и излез на возилата
d. Анализа на целосното функционирање на Царинскиот терминал врз основа на добиеното одобрение за правилно работење

Со оглед на фактот што најголем дел од приходите кои ги остварува терминалот(изземајќи ги фактурите за кирија) е со наплата на готовина (цца 84%) и тоа воглавно се однесува на работењето на рампа(паркинг) на возилата кои влегуваат Царинскиот терминал, помал дел од вага и од склад, контролата и ревизијата се вршеше на месечна основа врз база на финансиски документи и нивната усогласеност со материјалните документи. Вкупна вредност на наплатена готовина за цела 2023 е Ден. 7.438.732 и тоа:

-рампа готовина : Ден. 7.312.300
-вага готовина : Ден. 30.600
-склад готовина: Ден. 95.832
Вкупниот приход од царинскиот терминал (со закупнини,екстерни ф-ри) за 2023 год изнесува ден.10.318.733.
По налог на Генералниот директор или доколку се согледа потреба се прават и вонредни контроли на работењето на Царинскиот терминал, а се со цел отклонување на некои неправилности и технички пропусти при работењето.

6. **Ревизија на фиксните трошоци**

e. Оваа година се продолжи со активностите во намалувањето на фиксните трошоци во тековното работење и тоа во потрошувачката на електрична енергија, намалување на трошоците за комунални услуги,трошоците за испорака и прием на пратки,телефонските трошоци и останати трошоци во тековното работење.
f. Комуналните услуги и останатите инфраструктурни услуги се префактурираат на закупците кои користат во кругот на Тетекс АД деловен простор под закуп,како и оние кои имаат купено деловни објекти во кругот на Тетекс АД. Истите ги прифатија и воглавно редовно ги плаќаат обврските,со мали задоцнувања.
g. Електричната енергија се префактурира на закупците и сопствениците на објектите согласно броилата за потрошена електрична енергија чија сопственост е на Тетекс АД.
Од вкупно ф-рирана ел.енергија на Тетекс АД за 2023год,без ДДВ ден.5.500.095,префактурирано е ден.3.986.794 на закупувачите и оние кои имаат купено деловни објекти во кругот на Тетекс АД што процентуално изнесува 72%.

7. **Ревизија на прометот во ЕЕ Трговска мрежа**

h. Беше направен максимален ангажман од страна на вработените во ЕЕ Трговска Мрежа за ефикасно работење со оглед на новонастанатата состојба и намален број на вработени.
- Тековно месечно следење на приходите од самата продажба по продавници.
- Реализација (продажба ) на залихата на готови производи од магацините на конфекција,трикотажа .
 Се одеше со намалување на цените на трговската стока согласно пазарните услови.

8. **Ревизија на склучени преддоговори за купопродажба на недвижен имот сопственост на Тетекс АД**

Во текот на 2022г.склучени се и делумно реализирани преддоговори за купопродажба на недвижен имот сопственост на Тетекс АД кои се реализирани делумно или целосно во текот на 2023 год:

а) ГАЛЕ-ИВА ДООЕЛ-Тетово –преддоговор за купопродажба бр.0308-1202 од 19.09.2022г. во износ од ЕУР 53.170 со вклучен ДДВ,односно купување недвижен имот –објекти во кругот на Комбинатот цца 167 м2 по цена од 310 ЕУР/м2 со вклучен ДДВ,како и земјиште од 7м2 по 200ЕУР/м2 со вклучен ДДВ.
Согласно договорот на денот на потпишување на преддоговорот платено е ЕУР 10.000 во денарска противвредност,т.е 614.950 Ден. на 20.09.2022 г.
Остатокот од договорената купопродажна цена,купувачот ќе ја плати по добивањето на кредит од банка .
До крајот на 2023г не е реализиран преддоговорот. Се следат активностите.
Одкако ќе биде исплатен целиот износ од договорената купопродажна цена ќе се склучи конечен договор со купувачот за недвижниот имот(објект,земјиште)и дури после тоа Тетекс АД ќе му го пренесе правото на сопственост и владение на купувачот.

-Контрола на активностите околу реализација на преддоговорот , извршените уплати согласно условите од преддоговорот се во ред.

б) ЛИДЛ С.МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ-Скопје – преддоговор за купопродажба .0308-1366/21.10.2022г. за продажба на недвижен имот формиран од земјиште со вкупна површина од 10.000м2 и згради со вкупна површина од 1.672м2 од катастарска парцела на адреса Скопски Пат.

Начин на плаќање согласно преддоговорот:

**1.**Заклучно со 22.09.2023 год целосно е подмирен долгот по наведениот пред-договор на износ 3.400.000,00 ЕУР( ден.209.298.200,00) плус 18% ДДВ (37.673.676,00) или севкупно Ден.246.971.876,00 за што е издадена конечна ф-ра бр.600072/23.
Наведената ф-ра е целосно платена по авансни фактури како следи:
- 600049/22 износ ден. 36.365.594,00 со содржан ДДВ 5.547.294,00 на 02.11.2022 год.
- 600021/23 износ ден. 36.395.802,00 со содржан ДДВ 5.551.902,00 на 16.03.2023 год.
- 600062/23 износ ден.174.210.480 со содржан ДДВ 37.673.676,00 на 22.09.2023 год.

**По наведениот преддоговор во 2023год. остварен е приход ден.177.762.100,00.**

**2**.За наведените плаќања доставени се банкарски гаранции од страна на продавачот во корист на ЛИДЛ-Скопје после нотарската заверка на овој преддоговор како следи:

- Гаранција бр. ГП2022/150 е издадена на 26.10.2022 во износ од Ден.36.365.594
- Гаранцијата со бр. ГП2022/151 издадена на 19.12.2022 во износ од Ден.36.377.394 во корист на ЛИДЛ-Скопје (денарска противвредност од ЕУР 590.000) е променета со нова гаранција ГП2023/16, на износ ден.36.395.802(денарска противвредност согласно индикативнта курсна листа на НБРСМ на ден 16.03.2023 год за износ ЕУР 590.000), Анекс бр. 1 со важност до 23.08.2023 год.

  На 27.07.2023 год склучен е Анекс бр.2 кон наведениот договор со измена на важноста на гаранцијата до 23.10.2023 год.

  На 26.09.2023 склучен е Договор бр.ГП2023/59 со рок на важност 22.04.2024 год.

  Како обезбедување за редовно извршување на обврските што ќе настанат по наведените две гаранции ГП2022/150 и ГП2023/59 ќе служи Договор за рамковен револвинг кредит лимит врз основа на заложно право бр.Анекс бр.3 кон договорот архивски евидентиран под бр.03-9534/1 од 01.12.2022 г. со која се зголемува рамката на ден.95.000.000,00.
- Гаранција бр. ГП2023/57 издадена 22.09.2023 год на износ ден.5.228.,775,00

  Како обезбедување за редовно извршување на обврските што ќе настанат по наведените три гаранции ГП2022/150, ГП2023/59 и ГП2023/57 ќе служи Договор за рамковен револвинг кредит лимит врз основа на заложно право бр.01-188 од 22.01.2010г,Анекс бр.1 евидентиран под архивски реден бр.03-4306/1 од 25.06.20213 год,Анекс бр.2 архивски евидентиран под бр.03-1664/1 од 05.03.2014 г и.Анекс бр.3 кон договорот архивски евидентиран под бр.03-9534/1 од 01.12.2022 г. со која се зголемува рамката на ден.95.000.000,00.
- Гаранција бр.ГП2023/56 издадена на 22.09.2023 на износ ден.147.636.000,00 .

  За обезбедување на побарувањето на 22.09.2023 г, депонирани се средства на залогопримачот на износ ден 155.100.000,00 согласно Договорот за денарски наменски депозит со бр.ДП2023/153 склучен 22.09.2023 год.

**3**.За издадените гаранции месечниот трошок за банкарски надомест изнесува ден.607.232,00 кој
се фактурира и се подмирува од Лидл Скопје.

в) ИСМАИЛ ЈАХОСКИ од с.Пласница-Преддоговор бр.0308-2332 од 21.12.2023г.
во износ од ЕУР 150.000 со вклучен ДДВ,односно ден.9.224.250 со вклучен ДДВ.

Предмет на овој преддоговор е купување недвижен имот –деловен простор евидентиран во Имотен лист бр.34379 КО Тетово2 во сопственост на продавачот и тоа;

- Лист В;КП 5440 дел 6 адреса В.С.Бато бр на зграда 1 намена на зграда Б1-1 влез 1 кат ПР бр.1 намена ДП во површина од 159 м2 со право на сопственост.
- Лист В; КП 5428 дел 1 адреса В.С.Бато број на зграда 1 намена зграда помошни простории влез1 кат ПР,во површина од 67 м2 со право на сопственост.

Согласно договорот, на 22.12.2023г купувачот уплати средства од ден.1.500.000,додека остатокот е должен да го доплати по склучување на главниот договор.

До крајот на 2023г не е склучен главен договор.

Се следат активностите.

**9. Склучени договори за купување основни средства од страна на Тетекс АД како купувач**

На 30.05.2023 год склучен е Договор бр 0307-804 со фирмата Инфините Солутионс ДОО Скопје за купопродажба на лиценци и имплементација на модулите за материјално,финансово и кадрово работење од Пантеон ЕРП софтвер.

Вредност на договорот без вклучен ДДВ изнесува ден.797.878 или со ДДВ вкупно ден.920.887,00;.

-за набавка на ЕРП Пантеон лиценци ден.158.534 со 5% ДДВ

-за Имплементација на ЕРП Пантеон ден.639.344со 18% ДДВ.

Наведениот договор е целосно имплементиран до 31.12.2023 год и по доставени фактури од вршителот на услуги целосно е платен од страна на нарачателот .

**10. Приходи од учество на вложувања на поврзани субјекти**

По основ вложувања на поврзани субјекти во 2023 год.остварен е приход од ден.77.637.420,00 и тоа од ТТК Банка АД Скопје ден.25.088.016,00 и од Петролгас ДООЕЛ Тетово ден.52.549.404,00.

**11. Добивки од продажба на учество во капитал и хартии од вредност**

Во 2023 год продадени се 2.600 акции од ТТК Банка АД Скопје и остварена е добивка ден.556.773.

**Резиме:** Во текот на 2024. да се продолжи активностите на продажба на старата залиха на суровини,резервни делови,основни средства,како и готови производи ,трговска роба преку трговската мрежа на Комбинатот.

Потребно е да се даде приоритет и на работењето на Царинскиот терминал, кој исто носи значајни приходи со дневни уплати на готовина за покривање на тековните плаќања и обврски што ги има Тетекс АД, како и закупнини за дадени простори под закуп на шпедитерски фирми.

Да се продолжат активностите на издавање на деловни простори под закуп, како и изнаоѓање на купувачи кои се заинтересирани за купување на деловни простори што ги нуди Тетекс АД за продажба.

Целосен ангажман на вработените во ЕЕ Трговска Мрежа за продажба на трговска стока преку нашите продавници заради зголемување на ефикасноста,што исто така на дневна основа носи приходи со кои ги покриваме тековните обврски.

29.12.2023г.

Дир.за внатрешна ревизија
Весна Виторовиќ